Организација на жените од Македонија во Швајцарија
Organisation des femmes Macédoniennes en Suisse
Organisation Mazedonischer Frauen in der Schweiz
Organizzazione delle donne macedoni in Svizzera

16. Деќември 2009

# С о о п ш т е н и е

## Најновите информации за новиот визен режим

Од 19.Декември 2009 година, државјаните на Република Македонија ќе можат без визи, туристички да патуваат во Швајцарска Конфедерација, како и во целата Шенген зона и истите за непречено преминување треба да поседуваа:

- **македонски биометриски пасош;**
- **патничко осигурување, доколку патуваат со автомобил;**
- **веродостојно искажана намера на патувањето, (пр.посета на роднини, пријатели, туристички аражман);**
- **за лицата кои ќе посетуваат роднини или пријатели, треба да презентираат покана своерачно потпишана од лицето кое живее во Швајцарската Конфедерација (со регулиран престој), заедно со копија од пасошот и швајцарска личната карта, од лицето кое поканува;**
- **за лицата кои имаат туристички аражман, презентирање на хотелски ваучер (хотелска резервација);**
- **определена сума на девизни средства (70 Евра од ден, за предвидениот престој) или кредитна картичка, која треба да се презентира на граничниот премин, доколку тоа го побара граничната контрола;**
- **лицата кој влегуваат во Шенген зоната не треба да имаат било каква забрана за влез во оваа зона;**
- **лицата кој ќе влезат во земјите од Шенген зоната, треба да го почитуваат јавниот ред и закони во земјите од зоната;**
- **вкупниот престој треба да изнесува 90 дена, за период од 6 месеци.**

Напоменуваме само како наша сугестија дека, пожелно е лицата да поседуваат здравствено осигурување, за временскиот период на престојот, (како превенција од несакани итни здравствени проблеми или хоспитализации, за време на престојот).

Погоре наведеното по наше барање, го имаме како неофицијална информација од страна на Швајцарската Амбасада во Скопје. По добивањето на било каква официјална информација за погореизнесеното, ќе бидете благовремено известени.